Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-35/2
_________ година 09-02-2026

Постапувајќи по претставка бр. 08-679/1 од 16.9.2025 година поднесена од ---------, против ---------, за сторена дискриминација врз основа на пол и род во областа на јавно информирање и медиуми, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став (1) точка 14 и член 27 став (1) од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 258/2020) го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** од страна на --------- кон --------- врз основа на пол и род во областа на јавно информирање и медиуми.

## Образложение

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (понатаму „**Комисијата**") поднесена е претставка заведена под архивски број 08-679/1 од 16.9.2025 година, од страна на --------- против ---------, за сторена дискриминација врз основа на пол и род во областа на јавно информирање и медиуми.

Според наводите од претставката, на влезот во Скопје, во близина на слаткарницата „Шарлота" на булевар Александар Македонски, Општина Гази Баба, бил поставен билборд за промоција на индустриска механизација. Билбордот содржел експлицитни визуелни елементи кои експлоатираат женско тело и слоган кој ја поврзува таа слика со самиот производ. Подносителката на претставката смета дека ваквиот начин на рекламирање е недоличен, деградирачки и дискриминаторски, бидејќи ја користи жената како предмет за маркетинг порака, без никаква врска со самата услуга или производ. Билбордот го забележала неколку месеци пред поднесување на претставката на 16.9.2025 година, кога сè уште бил на истото место.
Бидејќи билбордот е поставен во јавен простор, видлив за сите граѓани, вклучително и деца, смета дека тоа претставува навредлива и понижувачка содржина која го нарушува јавниот ред, а истовремено претставува и форма на дискриминација врз основа на пол.
Укажува дека ---------, како надлежен орган за издавање одобренија за поставување на натписи и рекламни табли во јавниот простор, е институција преку која бил овозможен предметниот билборд, со што се отвора прашањето за критериумите и постапките при одобрување на вакви содржини. Истакнува дека ова претставува добра можност за преиспитување и унапредување на практиките, со цел во иднина да се спречат реклами кои можат да се сметаат за недолични или дискриминаторски.
Во прилог на претставката беше доставена фотографија од спорниот билборд.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, испрати Известување за произнесување по наводите од претставката до ---------, заведено под бр. 08-679/2.

На ден 26.11.2025 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставено Произнесување бр. --------- од 25.11.2025 година од --------- како одговор на претставката, заведен во Комисијата под бр. 08-679/3.

Во одговорот известуваат дека --------- во согласност со постојната законска и подзаконска регулатива има донесено Програма за поставување урбана опрема – рекламни паноа на

подрачјето на --------- за периодот 2012-2027 година („Службен гласник на --------- “ бр. --------- и ---------).

Со Програмата, меѓу другото, се утврдени зони со граници во чии рамки се дефинираат локации за поставување на рекламните паноа и нивниот број по зони. Притоа, утврдени се четири зони на подрачјето на градот; во три од нив се предвидени локации за поставување билборди. Информираат дека доделувањето на пакети со локации се врши по пат на јавен оглас за прибирање на писмени понуди.

По објавен оглас во 2013 година, пакетите со локации биле доделени на четири правни лица, кои ги исполниле бараните услови од огласот и со кои се склучени договори со важност до 2028 година, имајќи предвид дека програмата е со важност од 15 години. Со склучување на договорите, --------- го има отстапено правото на користење на локациите за поставување на рекламни паноа, со што истакнуваат дека нема никаква надлежност во однос на содржината на рекламните билборди, бидејќи таа е на секој од корисниците.

Притоа напоменуваат дека согласно договорот, Корисникот е единствено, односно исклучиво одговорен за секој вид на штета, за надоместување на трошоците за отстранување на последиците од штетата, како и за надоместот на штета што при извршување на работите ќе настане за вработените на корисникот, за трети лица, за соседните градби, за јавни површини, за земјиште и слично, а по вина на корисникот (постапување спротивно на закон, одобрение или техничка документација, нестручно и неквалитетно извршување на работите, неспроведување на мерки за заштита и сигурност и слично).

Согласно описот од подносителката на претставката, информираат дека предметниот билборд се наоѓа во зона 3 на локација од пакетот 1, кој е доделен на ---------.

Со оглед на наведеното, сметаат дека е несомнено дека претставката не се однесува на ---------.

Оттука, по добиените информации, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, испрати Известување за произнесување по наводите од претставката до ---------, заведено под бр. 08-679/4 од 16.12.2025 година.

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставено Произнесување од страна на ---------, заведен во Комисијата како одговор на претставката под бр. 08-35/1 од 8.1.2026 година.

Во своето произнесување тие известуваат дека билбордот на кој се однесува претставката не е во сопственост, ниту е под управување на ---------. Со оглед на наведеното, сметаат дека --------- не е надлежно во однос на предметот на претставката.

По увид во наводите од претставката, произнесувањата по истата и севкупно прибавените информации, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека правните лица до кои беа доставени известувања за произнесување по наводите од претставката- ---------и ---------, немаат пасивна легитимација за конкретниот случај.

Во оваа насока, **член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** гласи:
„Се забранува секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа (во натамошниот текст: дискриминаторска основа)“.

Член **6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** ја дефинира дискриминацијата како:
*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други.“*

Директната дискриминација е дефинирана во **член 8 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**, кој гласи:
*„Директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа.“*

Според **член 10 став 1 од Законот**, *„Вознемирувањето претставува несакано постапување кон лице или група лица врз дискриминаторски основи што има за цел или последица, повреда на достоинството или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика“*.

Комисијата оцени дека постапката во конкретниот случај не може да се води против --------- и ---------, бидејќи тие немаат пасивна легитимација, односно својство врз основа на кое одговараат за содржината на предметниот билборд.
Имено, пасивната легитимација во овој случај подразбира дека лицето против кое е поведена постапката е лицето кое има правна обврска да ги сноси последиците од предметниот спор, настанат со цел заштита на правото кое се штити во постапката за заштита од дискриминација. Наведените правни лица не се сопственици, ниту управуваат со билбордот, па оттука немаат обврски кои произлегуваат од правен однос настанат во врска со поставената реклама.
Оттука, врз основа на расположливите информации, Комисијата утврди дека нема правен основ за водење постапка против --------- и ---------, па од тие причини не утврди дека од нивна страна била сторена дискриминација која произлегува од предметниот билборд.

Имајќи го предвид наведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на мислењето.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател
Душан Томшиќ

Доставено до:
- ---------